Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 583/0306
25.12 20 19 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 18 декември 2019 година, врз основа на примена жалба од „Хелсиншки комитет за човекови права“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет - порталот „Слободен печат“, со текстот насловен „Посебни проблеми со прифаќањето на учениците со посебни потреби“, не ги прекршил професионалните и етичките стандарди**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 ноември 2019 година, граѓанското здружение „Хелсиншки комитет за човекови права" поднесе жалба за текстот со наслов „Посебни проблеми со прифаќањето на учениците со посебни потреби", објавен на 26 ноември 2019 година, на интернет порталот „Слободен печат" (www.slobodenpecat.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи пристрасност во информирањето, незастапена втора страна и го прекршува принципот за заштита на деца и малолетници.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Слободен печат" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Управителот на медиумот, Мирослав Јовановиќ, одговори на наводите на жалителот.

Јовановиќ ја отфрла жалбата како неоснована и смета дека ниту еден од жалбените наводи не е издржан. Тој наведува дека авторот на текстот го испочитувал правилото на втора страна, на начин што пренел изјава од загрижен родител и од портпаролот на Министерството за образование, а во исто време новинарот се обидел, но не успеал да добие став и од директорот на училиштето и од инспекторите од образовниот Инспекторат.

*„Второ, Хелсиншкиот комитет обвинува за пристрасност во информирањето и за недоволно заштитување на децата и малолетната публика. Во поглед на оваа претставка, сакаме да ви посочиме дека целта на текстот беше токму заштитата на децата, особено на оние деца со посебни потреби. Тоа го потврдува и самиот наслов на текстот: „Посебни проблеми со прифаќањето на учениците со посебни потреби", како и изјавата од социолозите кои тврдат оти вината не е во децата, туку во институциите кои не си ја вршат својата работа. Во текстот не е спомнато име на ниту едно дете, па затоа обвинувањето за недоволно заштитување на децата и малолетната публика е неосновано"*, се наведува во одговорот на „Слободен печат".

Од „Слободен печат", меѓу другото, додаваат дека жалбата ја сметаат за вид на вршење притисок врз медиумот, зашто, како што потенцираат, имале информација дека од објавената сторија директно бил засегнат висок владин функционер од Министерството за образование.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 18 декември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој има широк јавен интерес и пренесува чувствителна информација поврзана со инклузијата на децата со посебни потреби во образовниот процес.

Новинарскиот производ е професионален и етички, авторот веста ја темели на неколку неповрзани извори, а прилогот ги содржи сите елементи, кои нудат целосна и објективна информација. Новинарот во сторијата пренесува став на родител, консултирал социолог, обезбедил мислење од Министерството за образование и наука, а се обидел, но не успеал да добие став и од директорот на основното училиште „Невена Георгиева Дуња".

Во овој контекст, Комисијата се согласи дека текстот на „Слободен печат" ги испочитувал основите новинарски начела и обезбедил согледување на повеќе аспекти на темата за која се говори. Со оглед на сензитивноста на темата, авторот има неутрален и одмерен пристап, па оттука членовите на Комисијата не најдоа доволно елементи за пристрасност во информирањето, незастапена втора страна и прекршување на принципот за заштита на деца и малолетници, на кои реагира подносителот на претставката.

Одлуката на Комисијата да ја отфрли жалбата како неоснована ја темели на фактот дека „Слободен печат" ги испочитувал сите членови од Кодексот на новинарите, кои се во корелација со темата:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 4:*** *„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити".*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

Комисијата за жалби, во оваа прилика, ги повикува медиумите со особена внимателност да пристапуваат во обработка на теми поврзани со деца со посебни потреби, а сѐ во насока, на подигнување на свеста и пружање сеопфатна поддршка за нивно полесно интегрирање во општеството.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Слободен печат (www.slobodenpecat.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595